# VIII. Печатење и ковање пари

Во Република Македонија во оптек се банкноти во апоени од 10, 50, 100, 500, 1000 и 5000 денари. Во 1999 година извршено е печатење на 12,6 милиони банкноти во апоени од 10 денари и 8,9 милиони банкноти во апоени од 100 денари.

Банкнотите кои сега се во оптек се изработени на високо квалитетна хартија и се заштитени со повеќе елементи, и тоа: интаглио печат, оптички варијабилна боја, заштитна нишка, воден знак и друго.

Во 1999 година НБРМ продолжи да издава пригодни ковани пари. По повод педесетгодишнината од постоењето на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" издаден е пригоден јубилеен златник. Исто така, извршени се подготовки за издавање на јубилеен златник "2000 години од почетокот на Христијанството".